Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 91, 1 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област електронски компоненти и теорија на информации и комуникации на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област превентивна стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје биофармација и броматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Економска географија" (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Програмирање и оптимална еволутивна оперативност на процеси во реални услови" од кандидатот м-р Александар Крстев, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 91

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 95

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на ***еден помлад асистент*** за научното поле ***превентивна стоматологија*** на Факултетот за медицински науки, кој беше објавен на 6 јули 2012 година во дневните весници „Дневник" и „Лајм".

На 10 август 2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-167/20 за формирање на Рецензентска комисија за избор на *помлад асистент* за научната област *превентивна стоматологија* во состав:

– доц. д-р Златко Георгиев, доцент на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
– доц. д-р Ивона Ковачевска, доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
– доц. д-р Стипица Поповски, доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На 10 август 2012 година, Наставно-научниот совет донесе Решение број 2502-167/90 со кое за претседател на Рецензентската комисија е избран доц. д-р Златко Георгиев.

На Конкурсот се пријавиле осум кандидати. Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

1. Кандидатката **Сања Митко Нашкова** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р д-р Сања Нашкова** е родена на 31 јули 1982 год. во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во 1991 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и го завршува во 2009 г. со среден успех 7,82, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Во текот на 2010 и 2011 година проследува втор циклус студии на истиот факултет од областа *детска и превентивна стоматологија*. Студиите ги завршува со среден успех 10,00 и по одбраната на магистерскиот труд под наслов „*Кариес ризик-фактори и состојба на оралното и денталното здравје во Штип и околината*" на 26 декември 2011 г. се стекнува со VII/2 степен на образование – магистер по стоматолошки науки (досие 319).

Од 2012 г. проследува и трет циклус - докторски студии на истиот факултет.

Одлично го познава говорниот англиски јазик и стручната терминологија – Уверение од проф. д-р Зозе Мургоски од Филолошкиот факултет при УКИМ - Скопје, од 2012 г.

***Работно искуство***

Во 2009 год. го изведува задолжителниот стаж на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар - Скопје, го положува стручниот испит и се здобива со работна лиценца бр. 2708 од страна на СКМ, потоа работи во ПЗУ „Ортодент" во Штип, а од 2012 год. е вработена како лаборант на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Научно-стручна дејност - учество на конгреси и семинари и објавени трудови***

М-р д-р Сања Нашкова активно со свои трудови учествува на меѓународни конгреси во Р. Македонија: Конгрес на стоматолозите на РМ во 2012 год., како и во странство - на Балканскиот конгрес во Тирана во 2012 год.

***Има објавено пет стручни и научни трудови, кои ги предлага за рецензија:***

1. Alimani-Jakupi J, Iljovska S, Pavlevska M, Naskova S. Contemporary aspects of caries prevention in children. 17$^{th}$ Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Tirana 2012, 87.

Врз база на сопствени испитувања, авторите предлагаат на целата територија на РМ нова стратегија за намалување на експанзијата, како и последиците на кариесот. За таа цел треба вклучување на сите расположливи професионалци: педодонти, стоматолози, педијатри и гинеколози, како и стоматолошките и медицинските сестри. Превентивните шеми ќе се планираат врз база на статистичките показатели: број на жители и расположливи професионалци, а ќе бидат опфатени со мониторинг бремените, децата и адолесцентите. Резултатите би биле намалување на КЕП-от за пет години од 6,9 на 5,5.

Трудот има стручен придонес.

2. Naskova S, Nakova M, Georgievska E, Jankulovska M, Kostadinova M. The rural-urban dimension of dental health in school children between six and twelve years of age. VI Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија (зборник на апстракти), Македонско стоматолошко друштво, Охрид, 2012, 85.

Авторите извршиле споредба на состојбата на забалото кај 6 и 12-годишни деца, по однос на КЕП, КИО и КИП индексите во две урбани и две рурални општини, и тоа по 50 деца од секоја. Заклучиле дека КИП е највисок во Кучевиште 6,4; во Скопје 5,7; во Струмица изнесува 5,1 и во Василево 5. Тоа ги неведува на заклучок за итна потреба од користење на превентивни мерки во сите средини, со употреба на стриктно прецизирани протоколи.

Трудот има стручен придонес.

3. Papkocha K, Dimova C, Radeska A, Zlatanovska K, Zarkova J, Naskova S. The augmentation of alveolar ridges resorption and reconstruction with dental implants – cases reports. VI Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија (зборник на апстракти), Македонско стоматолошко друштво, Охрид, 2012, 119.

Авторите ја искористиле постапката за зачувување на алвеоларниот гребен на вилиците, кој неминовно атрофира по екстрахирање на забите, со аплицирање на вештачки – синтетички коскени супституенти. Нивната идеја се базира на комбинирање на оваа постапка - зголемување на алвеоларниот гребен, со методот на вградување на дентални имплантати. Тоа и го спровеле кај неколку пациенти со парцијална и тотална беззабост, во смисла на предимплантолошка подготовка на вилиците. Постапката започнувала при екстрахирање на забите, по 4-8 месеци го аплицирале имплантатот, а по 4 месеци и неговите супраструктури. На овој начин авторите сметаат дека значајно ќе се прошират индикационите и ретенционите хоризонти на денталната имплантологија, како впрочем и финалната естетска вредност на протетскиот надомест.

Трудот има научен придонес.

4. Alimani-Jakupi J, Iljovska S, Pavlevska M, Naskova S, Veninov T, Kostadinova M. Dental health of 12 years students from Gostivar. VI Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Македонско стоматолошко друштво, Охрид, 2012, 83.

Авторите ја испитувале состојбата на забите кај 12-годишни ученици од Гостивар, по однос на влијанијата на исхраната, едукацијата за спроведување на орална хигиена, како и здравственото воспитување, добиени преку употреба на анкетни листови, во споредба со клиничките (состојба на КЕП) и лабораториски наоди – Ph на плунката. Според добиените податоци, авторите заклучуваат дека треба да се одреди стратегија за борба против кариес инциденцата во регионот на Гостивар.

Трудот има стручна вредност.

5. Nashkova S, Iljovska S, Nakova M, Jankulovska M, Pavlevska M, Fildevski A. Oral hygiene habits among the students in primary schools in Shtip. Трудот е во фаза на печатење.

2. Кандидатката **Јулијана Благој Ангеловска-Зафировска** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р д-р Јулијана Ангеловска-Зафировска** е родена на 21 мај 1983 год. во Скопје. Основното и средното образование ги завршува во Крива Паланка.

Во 1991 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и го завршува во 2008 год. со среден успех 7,94, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Во текот на 2010 до 2012 година проследува втор циклус студии на истиот факултет од областа *ортодонција* и по одбраната на магистерскиот труд под наслов „*Евалуација на бројот на заби при ортодонтски неправилности*" на 8 јуни 2012 год. се стекнува со VII/2 степен на образование – магистер по стоматолошки науки. Не приложила уверение за положените испити.

Од април 2011 година започнува со специјализација од областа *стоматолошка протетика* на истиот факултет.

Активно го владее англискиот јазик – Уверение Оксфорд 1, Крива Паланка од 2009 г. и прв курс по француски јазик од 2007 год.

***Работно искуство***

Во 2008 год. по изведувањето на задолжителниот стаж, го положува стручниот испит и се здобива со Работна лиценца бр. 2411 од СКМ. Работи во ПЗУ „Продент-Идадија" во Скопје.

3. Кандидатката **Наташа Ѓеорѓи Денкова** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р д-р Наташа Денкова** е родена на 1 јули 1988 год. во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во 2006 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и го завршува во 2011 г. со среден успех 8,93 стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Во текот на 2011 до 2012 година проследува втор циклус студии на истиот факултет од областа *детска и превентивна стоматологија*, кои ги завршува со среден успех 9,71 и по одбраната на магистерскиот труд под наслов „*Компаративна студија за поврзаноста на социјално-економскиот статус, навиките за орална хигиена и денталниот морбидитет кај деца од 15-годишна возраст*" на 5 јули 2012 год. се стекнува со VII/2 степен на образование – магистер по стоматолошки науки (досие 338).

Активно владее англиски јазик – потврда ДООЕЛ Биг Бен – 1 Штип од 2011 год., шести степен за возрасни.

4. Кандидатот **Иван Војчо Нацевски** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Иван Нацевски** е роден на 4 декември 1985 год. во Куманово, каде што завршува основно образование, а потоа се запишува на ДСМУ „Панче Караѓозов" во Скопје.

Во 2004 година се запишува на Факултетот за дентална медицина при Медицинскиот универзитет во Пловдив и го завршува во 2010 год. со среден успех 4,83, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија (Решение за нострификација од страна на МОН на РМ бр.14-3220/2 од 7 јуни 2011 год.).

Активно го владее англискиот јазик – Уверение за положен осми степен при Работнички универзитет - Куманово од 2001 год.

*Работно искуство*
Во 2010 год. по изведувањето на задолжителниот стаж, го положува стручниот испит.

5. Кандидатот **Стојмир Благоје Ников** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

*Биографски податоци*
Кандидатот **д-р Стојмир Ников** е роден на 27 октомври 1986 г. во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во 2005 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и го завршува во 2010 год. со среден успех 7,62, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Владее англиски јазик – Уверение од Полипроект Headway (A1.2) – Штип, 2012 год.

*Работно искуство*
Работи во ПЗУ „Прим. д-р Благој Ников" во Штип.

6. Кандидатката **Анета Радомир Радевска** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

*Биографски податоци*
Кандидатката **д-р Анета Радевска** е родена на 27 август 1979 г. во Скопје, каде што завршува основно и средно образование – во ДСМУ „Панче Караѓозов".

Во 1998 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и го завршуваа во 2005 год. со среден успех 8,91, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Владее англиски јазик – Уверение од Центар за странски јазици - Скопје Project 1 I 2A од 1993 год. и прв и втор степен германски јазик од Visa language school, 2007 год.

*Работно искуство*
Го положува стручниот испит и се здобива со Работна лиценца бр. 804 од страна на СКМ. Од 2007 до 2010 год. Работи во ПЗУ „Лени Там", а во 2011 год. во ПЗУ „Еко дент" во Скопје.

*Општествена активност*
Д-р Анета Радевска од 1996 до 1998 год. е претседател на Младинското есперантско друштво на РМ.

7. Кандидатката **Катица Ѓорѓи Василева** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

*Биографски податоци*
Кандидатката **д-р Катица Василева** е родена на 1 ноември 1982 год. во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во 2001 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и го завршува во 2009 год. со среден успех 7,88, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Владее англиски јазик – Уверение од Центар за курсеви по англиски јазик „Нови хоризонти" - четврти степен од 2008 год.

***Работно искуство***

Д-р Катица Василева има работно искуство во ПЗУ „Д-р Ане Котев” и ПЗУ „Дентиција” во Скопје, ПЗУ „Аудиомедика” во Куманово, ПЗУ „Про-дент” во Скопје и како медицински претставник во Биостем – банка за матични клетки.

**8.** Кандидатот **Горан Гоце Зафиров** е државјанин на Р. Македонија и има поднесено изјава до Комисијата за верификација на фактите на РМ.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Горан Зафиров** е роден на 3 октомври 1979 год. во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во 1998 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и го завршува во 2006 год. со среден успех 7,17, стекнувајќи се со високо образование VII/1 – дипломиран доктор на стоматологија.

Има основно познавање на англискиот јазик – потврда од Студио за странски јазици и судски преводи Mondo-link во Штип, 2012 год.

***Работно искуство***

Работел во ПЗУ „Лавест – дент” во Куманово и „Ројал – дент” во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната и општествената ангажираност, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот д-р Сања Нашкова ги исполнува сите законски критериуми за избор на помлад асистент за научната област *превентивна стоматологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Сања Нашкова да се избере во звање помлад асистент за научната област превентивна стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Златко Георгиев, с.р.**
**Доц. д-р Ивона Ковачевска, с.р.**
**Доц. д-р Стипица Поповски, с.р.**